

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

ДОБРО УПРАВУВАЊЕ
ДЕМОКРАТИЈА
ТРАНСПАРЕНТНОСТ
ОТЧЕТНОСТ
ЈАВНИ ПОЛИТИКИ
ИСТРАЖУВАЊА
ИДЕИ

Центар за Управување со Промени



# СОДРЖИНА


ВОВЕД ........ 4

ЗА НАС (ЦУП) ........ 5

РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТИ ........ 6

1. ПРЕОСМИСЛУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО ........ 7

2. ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 10

3. ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (втора фаза) ........ 12

4. ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА ........ 13

5. ДАВАЊЕ УСЛУГИ ЗА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ........ 15

6. СПРОВЕДУВАЊЕ ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА ЦСР И ЦЕНТРИТЕ ЗА ВАКЦИНАЦИЈА ........ 16

7. РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И БУЏЕТИ ........ 18

8. СОЦИО-ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА МЛАДИТЕ ЖЕНИ ВО СЕВЕРО-ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ........ 19

9. ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ........ 21

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ........ 23

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОР ........ 26

# ВОВЕД

Овој документ ги претставува клучните достигнувања и постигнатите резултати во 2023 година на Центарот за управување со промени (ЦУП) и дава кратко резиме за сите проекти кои ЦУП ги имплементираше во 2023 година и постигнатите резултати во рамки на истите. Исто така, овој документ обезбедува увид до други релевантни документи како што се финансиските извештаи, билансот на приходи и расходи и билансот на состојба, првенствено за извршниот директор, финансискиот директор и членовите на управниот одбор. Годишниот извештај дава слика за работата на ЦУП и за донаторите со кои ЦУП има воспоставено успешна долгогодишна соработка од создавањето во 2009 година, надополнувајќи ја со покажување на лојалност кон постоечките и надоградувајќи ја со многу нови донатори. Секако, овој документ претставува и добра подлога за надворешните ревизори на кои ќе им биде од помош во подготовката за ревизија на годишните извештаи и сметки.

2023 година претставува плодна година за ЦУП, со постигнати резултати остварени преку проектните активности. Како најзначајни резултати за кои подолу во извештајот станува збор ги издвојуваме истражувачките извештаи за следење на работењето на јавната администрација, изработка и усовршување на клучни акти на Владата на Република Северна Македонија за подобро управување со системот за јавни политики и стратешко планирање како и поддршка на реформите на Собранието на Република Северна Македонија за зајакнување на неговата позиција во политичкиот систем.

ЦУП во 2023 година продолжи со спроведувањето на реформи преку соработка со институциите од јавниот сектор кои се главен партнер во градење на промените кон кои цели нашата организација.

# ЗА НАС (ЦУП)

Центарот за управување со промени е водечка think tank организација која делува во насока на постигнување позитивни промени во општеството, преку својата експертиза и знаење во конкретните области и преку истражување на иновативни начини на делување, и претставува инкубатор на нови идеи и современи практики. ЦУП и во 2022 година продолжи со својата долгогодишна соработка и партнерство со голем број на институции од областа на јавната администрација, како и граѓански организации, истовремено пружајќи соработка и поддршка на малите бизниси во сопственост на жени претприемачки, во насока на нивно зајакнато делување и развој.

## ВИЗИЈАТА

Се залагаме за иднина во која граѓаните имаат висок квалитет на живот во современо општество засновано на принципи на добро управување, владеење на правото, економски просперитет и почитување на европските вредности.

## МИСИЈАТА

ЦУП анализира, истражува и предлага соодветни и стручни решенија за прогресивни промени кои придонесуваат за модернизација и професионализација на администрацијата, ЕУ интеграцијата и социоекономскиот развој на нашата држава.

## ВРЕДНОСТИ

- Интегритет и етика
- Транспарентност
- Вмрежување и партнерство
- Континуирано учење
- Иновации и креативност
- Еднаквост и фер третман
- Општетсвена адговорност.

## ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

- Добро управување и реформа на јавната администрација
- Парламентарна демократија
- Човекови права
- Европски интеграции
- Социо-економски развој

## КАНАЛИ НА КОМУНИКАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Веб страница | www.cup.org.mk |
| Facebook | https://www.facebook.com/centarzaupravuvanjesopromeni |
| Instagram | https://www.instagram.com/cup_skopje/ |
| Twitter | https://twitter.com/CCM_Skopje |
| LinkedIn | https://www.linkedin.com/company/80944789/admin/ |
| YouTube | https://www.youtube.com/@cuptubemk6045 |

# РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТИ

# 1. ПРЕОСМИСЛУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО

Период на спроведување на проектот: 15.12.2022 - 31.03.2025

Проектот е финансиран од Владата на Обединетото Кралство, преку Британската амбасада во Скопје.

Во соработка со Владата на Република Северна Македонија

Во рамки на проектот „Преосмислување на управувањето“, ЦУП стреми да ја подобри координацијата меѓу централните институции и спроведувањето на владините политики, да ја зајакнување на одговорноста на институциите како и да обезбеди севкупно поефективно функционирање на Владата.

Ова може да се направи преку:

1. Воспоставување на „Центар на Влада “,

2. Подобрување на интерната комуникација меѓу институциите,

3. Подигнување на свеста на граѓаните да ја следат работата на Владата.




Во текот на 2023 година, проектот работеше на бројни активности на анализа на постоечките системи и предизвиците кои тие поставуваат, како и унапредување на релевантните процеси.

Заедно со претставници на Генералниот секретаријат и Министерството за финансии проектот спроведе детална проценка на влијанието на регулативата (ПВР) за иницијативата на Владата да донесе Закон за стратешко планирање. Согласно чекорите на ПВР, постоечкиот систем за стратешко планирање, базиран на Методологијата и Упатството за стратешко планирање, како Методологијата за секторски и мулти-секторски стратегии, станува формален и

се помалку се користи во министерствата, иако тие треба да ја организираат својата работа врз него.

Стратешкото планирање исто така треба да се усогласи со новиот начин на програмско буџетирање, воспоставен со Законот за буџети од 2022 година. Иако анализата покажа дека е потребно поцврсто уредување на ниво на закон, истото во моменталната политичка поставеност е скоро невозможно да се спроведе, па се препорача изработка на нова методологија.




Проектот направи проценка на капацитетите во одделенијата/секторите за стратешко планирање во министерствата и секретаријатите и направи анализа на потребите од обуки. Вака приоретизирани обуките ќе придонесат за јакнење на капацитетите на овие специфични функции, особено во насока на унапредување на ефикасноста на планирањето и следењето на реализацијата на политиките.

Проектот претстави иновативен начин на следење на Програмата за работа на Владата, односно на јавно објавените приоритети на централните институции. Ваквото следење предвидува статусот на реализација на приоритетите да биде претставен како семафор, кој ќе биде насока и за носителите на власта, но и за граѓаните за областите и политиките кои најмногу ги интересираат. Препораката на проектот е Владата да го присвои начинот на следење на реализацијата со матрици и семафор како дел од својата пракса на управување и координација, односно дел од целосниот редизајниран систем на управување во јавниот сектор.

Проектниот тим и стручни претставници од Генералниот секретаријат работеа и на измени и дополнувања на Деловникот за работа на Владата заради негово поедноставување, усогласување со праксата на работа во одредени постапки, но пред се заради зајакнување на координацијата на политиките. Ова предвидува т.н. воспоставување на Центар на Владата, како механизам на блиска соработка и координација на клучни владини институции, што треба да доведе до усогласени политики, поефективни резултати за граѓаните, следење на развојната реформа и заради целите на пристапувањето кон ЕУ.

Во насока на воспоставување целосен унапреден систем на коориднација на политиките и буџетите, проектот даде и препорака за нова институционална поставеност од Генералниот секретаријат, која едновремено треба да го следи спроведувањето на Националната развојна стратегија, повеќегодишната и Годишната програма за работа Центар за управување со промени на Владата, како и секторските стратегии, бидејќи сите имаат исти крајни цели и влијание за

граѓаните. Институционална реорганизација е потреба и во единиците за стратешко планирање заради јакнење на нивната аналитичка функција и аналитички капацитети.

Во рамки на проектот се одржаа повеќе средби со претставници на министерствата и секретаријатите заради заеднички дискусии и анализи на постоечките системи и развивање на нови поусовршени практики. Дел од средбите беа и со цел презентирање на искуството на Обединетото Кралство во управувањето на институциите насочено кон резултати, за што реномирани експерти ги презентираа искуствата на Центарот на Владата во Обединетото Кралство, како и специфичната Единица за испораката на резултати при Кабинетот на Премиерот.

# 2. ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Период на спроведување на проектот: 01.07.2022 - 30.06.2023

Проектот е финансиран од National Endowment for Democracy (NED)

Проектот „Поттикнување на добро управување и реформи во јавната администрација“ е насочен кон ставање на доброто управување на врвот на политичката агенда со вклучување на мерки за добро управување во сите стратешки политики на Владата.

Проектот е дизајниран да ги анализира постоечките проблеми поврзани со ефикасноста на јавната администрација, со цел да се развијат препораки и нови мерки за подобрување на управувањето во институциите.

Овој проект ЦУП го започна во 2022 година, со цел преку низа длабински истражувачки активности да се поттикне активна јавна дебата и да се предизвика притисок за подобро управување и раководење во јавната администрација и креирање на пофункционални јавни институции кои ќе ги пресретнуваат потребите на граѓаните. Проектните активности поддржуваат консултации со пошироки групи во општеството за дизајнирање на добро обмислени структурни реформи во насока на градење на ефикасна, транспарентна и отчетна јавна администрација во Република Северна Македонија. Во 2023 година ЦУП објави четири истражувачки извештаи од следење на работењето на институциите од јавниот сектор.

Во 2023 година, во рамки на овој проект ЦУП најпрво го објави извештајот „Следење на раководните структури во институциите од јавниот сектор“ и извештајт „Следење на метријалното и финансиското рабтење на институциите од јавниот сектор“, за кои беше организирана јавна презентација и панел дискусија ос релевантни чинители од јавниот и граѓанскиот сектор. На овој настан Главниот државен ревизор и Заменичката на Премиерот за добро владеење укажаа на важноста од ваквите истражувачки потфати и нивните инфикации за правецот во кој што треба да се развива и подобрува јавната администрација. Овие два извештаи се комплементарни укажуваа на несоодветниот систем за назначување на директори и членови на управни и надзори обдори како и лошата пракса при материјалното и финансиското работење на институциите.

Потоа беше објавен извештајот „Следење на примената на приницпот на соодветна и правична застапеност во институциите од јавниот сектор“, во кој се укажува на слабостите од примената на механизмот „балансер“ и во кој се дадени конкретни преораки за подобрување на состојбите. Овој извештај беше презентиран пред група претставници од институциите и

граѓанските организации, кои се согласија со анодите како и препораките кои извештајот ги содржи.

При спорведувањето на сите истражувачки извештаи во рамки на овој проект беше користен механизмот барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и кој беше испратен до преку 450 институции од јавниот сектор. Добиените информации беа детално обработени и анализирани и потоа споредени со спроведената нормативна анализа. Резултатите од оваа првична анализа беа дискутирани на фокус групи со претставници на институциите и граѓанскиот сектор чии инпути беа земени во предвид и вклучени во финалните верзии од извештаите.

За сите истражувачки извештаи беше спроведена промотивна кампањана социјалните медиуми (Facebook, Instagram, LinkedIn, Twitter, Youtube), како и пред традиционалните медиуми, со цел поширократа јавност да се запознае со наодите и состојбите во јавната админисрација.

Квалитетните истражувачки резултати кои укажуваат на аномалиите во јавниот сектор преку конкретни факти довоедоа до потреба предметот на истражување да се прошири и во 2023 година да се зпочнесо имплемнетирање на втора фаза од овој проект.












# 3. ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (втора фаза)

Период на спроведување на проектот: 01.07.2023 - 30.06.2025

Проектот е финансиран од National Endowment for Democracy (NED)

Проектот „Поттикнување на добро управување и реформи во јавната администрација (втора фаза)“ е насочен кон ставање на доброто управување на врвот на политичката агенда со вклучување на мерки за добро управување во сите стратешки политики на Владата.

Проектот е дизајниран да ги анализира постоечките проблеми поврзани со ефикасноста на јавната администрација, со цел да се развијат препораки и нови мерки за подобрување на управувањето во институциите.

Кон крајот на 2023 година ЦУП започна да ја имплементира втората фаза од проектот „Поттикнување на дбро управување и реформа на јавната администрација“, чија цел е да го одржи доброто владеење на врвот на политичката агенда.

Проектните интервенции се дизајнирани да ја анализираат моменталната состојба на работите во неколку области поврзани со отчетноста како еден од врвните приоритети во агендата на РЈА, како што се: подобрување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции; одговорност за испорака на резултати и подобрување на надзорот на јавноста при спроведувањето на препораките од клучните институции и поголема ефикасност, ефективност и функционалност на институциите.

Со оглед на тоа што одговорноста во модерната влада е клучна компонента на демократијата, продолжувањето на проектот ќе го задржи фокусот на принципите на добро владеење обезбедувајќи дека избраните функционери се одговорни за нивните постапки, особено за преземање структурни реформи и градење силна и ефикасна јавна администрација .

Во 2023 година во рамки на овој рпоект беше обајвен извештајот „Дискрециони овластувања како потенцијален ризик од корупција“. Целта со овој извептај е да се подигне јавната дебата за потребата од ревидирање на уредувањето на дискреционите овластувања на институциите од јавниот сектор, заради реалната опасност од нивна злоупотреба за корупутивни цели. Извештајот се осврна на дискреционите овластувања на Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) и тоа Општина Центар, Општина Карпош, Општиа Кисела Вода и Општина Кичево.

# 4. ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА

Период на спроведување на проектот: 01.07.2018 - 31.12.2029

Проектот е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка.

Краен корисник на проектот е Собранието на Република Северна Македонија

Програмата за парламентарна поддршка (ППП) дава поддршка на Собранието на Република Северна Македонија во неговите напори за независност преку градење на консензус, структурни реформи и градење на капацитетите за институционален развој на Собранието, неговата законодавна и надзорна улога, институционалната транспарентност и отчетност.

Четири основни области на кои работи ЦУП во рамки на ППП проектот се:
(1) КАФ – заедничка рамка за управување со квалитет, (2) Дигитализација и отворени податоци (3) Управување со човечки ресурси и (4) Етика.

Проектот е имплементиран од страна на Националниот демократски институт (НДИ), Центарот за управување со промени (ЦУП) и Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦ).

Во 2023 година активностите на ЦУП во рамки на проектот се осврнаа на евалуација/проценка на организациските капацитети на службите во Собранието, зајакнување на видливоста и комуникациските капацитети на Собранието, етиката и дигитализацијата на процесите.

Во рамки на проектот ЦУП ја фасилитираше работната група за изработка на ИКТ стратегија на Собранието 2024 – 2028 година. Целта е преку оваа Стратегија Собраието да изгради среднорочен и ефективен развоен пат за зајканување на дигиталните капацитети и дигитализација на процесите, но и на вработените во службите на Собранието.

Беше спроведено истражување за перцепцијата на граѓаните во однос на примената на етичкиот кодекс од страна на пратениците како и одржување на презентација за истото пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија.

Во рами на ПСП, во 2023 година ЦУП започна со спроведување на процесот на CAF (Common Assessment Framework) во Собранието на Република Северна Македонија, ко во суштина претставува (широко прифатен) европски концепт за самоевалуација на процесите и работата на службите. Препораките кои произлегуваат од CAF се практични и директно применливи и укажуваат на потребните промени кои треба да бидат преземени од апсект на организациската поставеност на службите.

Во 2023 година, цо рамки на ПСП, ЦУП активно работеше на воспоставувањето на Собранискотo ТВ студио, чија цел е зајканување на видливоста на работењето на Собранието и

пратениците. Меѓу другото, ЦУП имаше улога во изработка на критериумите за огласот за вработување на технички лица во Собраниското ТВ студио, со цел гарантирање на фер и транспарентен процес во кој ќе се почитува мерит системот.



# 5. ДАВАЊЕ УСЛУГИ ЗА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Период на спроведување на проектот: 01.08.2023 - 30.11.2023

Проектот е финансиран од Мисија на ОБСЕ во Скопје.

Краен корисник на проектот се претставници на јавниот сектор на Локално ниво.

Проектот „Давање услуги за координативното тело за недискриминација“ имаше за цел да го подобри вклучувањето на приниицпот на еднаквост во јавните политики и во работата на институциите од јавниот сектор, преку низа активности во кои директно беа вклучени вработените во јавните институции на локално ниво.

Проектните активности беа фокусирани на Развивање и спроведување на програма за градење капацитети за антидискриминација и должност за спроведување еднаквост во јавниот сектор за околу 100 претставници од локалната администрација, со соодветна застапеност на жените и мажите поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Проектните активности вклучува:

- Развивање на програма за градење капацитети за обука за антидискриминација и должност за еднаквост во јавниот сектор,
- Подготвување на прирачник со модули за обука во област на еднаквост и недискриминација,
- Спроведување на серија на обука за антидискриминација и должност за еднаквост во јавниот сектор за околу 100 претставници од локалната администрација како и подготовка на идните обучувачи за спроведување на обуки во градовите Велес, Скопје, Струмица, Тетово и Куманово. Проектните активности се спроведуваа во периодот од 01.08.2023 до 30.11.2023.

# 6. СПРОВЕДУВАЊЕ ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА ЦСР И ЦЕНТРИТЕ ЗА ВАКЦИНАЦИЈА

Период на спроведување на проектот: 01.10.2023 - 29.02.2024

Проектот е финансиран од UNICEF.

Краен корисник на проектот се Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа во Скопје, Тетово и Штип.

Преку проектот „Фунцкионална анализа на Центрите за социјална работа и Центрите за вакцинација", ЦУП интензивно се псовети на анализа на организациските капацитети на Центрите за социјална работа и Вакциналните центри, преку спроведување на функционална анализа, но и финансиска анализа, а во случајот на Центрите за социјална работа и изработка на дополнителни докуемнти кои ќе им помогнат на Центрите во иднина поефикасно да работат.

Во партнерство со канцеларијата на УНИЦЕФ во Северна Македонија, ЦУП спроведе функционална анализа на институциите кои се одговорни за координација на политиките за вакцинација на децата до 18 годишна возраст и спроведување на дел од активностите.

Беше спроведена посебна функционална анализа на организацијата и работата на Секторот за превентивна и примарна заштита во Министерството за здравство, кој е надлежен за креирање на политиката за вакцинација на населението, вклучувајќи ги и децата. Анализата резултираше со неколку препораки за реорганизација на процесите и на работните места и поделбата на активностите.

ЦУП најмногу внимание посвети на функционалната анализа на службите за вакцинација кои работат во рамки на Здравствените домови низ целата држава. Заедно со МЗ и УНИЦЕФ беа одбрани шест Здравствени домови (со голем и мал опфат на вакцинација, со голем и мал број на деца по вакцинален тим, во рурални и урбани области): ЗД Неготино, ЗД Тетово, ЗД Куманово, ЗД Струмица, ЗД Скопје, ОБ Дебар.

Наодите и препораките кои произлегоа од анализата се однесуваат на реорганизација на службите, на описите на работните места, на процесите, но и на иновативни решенија кои се базираат на дигитално работење, меѓуопштинска соработка пропишување единствени протоколи заради појасни унифицирани насоки за сите вакцинални служби.

Беше спроведена финансиската анализа на системот за вакцинација која го опфати планирањето и спроведувањето на буџетот на централно ниво, но и директно во здравствените домови. Во препораките се претставија сценарија за јакнење на службите со кадар, но во насока

на долгорочна исплатливост, односно заштеда за државата наспроти трошоците за лекување на болестите кои вакцините би можеле да ги спречат. Наодите и препораките беа претставени пред стручната јавност и дискутирани од аспект на нивната спроведливост на конференција организирана од УНИЦЕФ.



# 7. РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И БУЏЕТИ

Период на спроведување на проектот:
16.09.2021 - 30.06.2023

Проектот е финансиран од UNWOMEN.

Краен корисник на проектот се Министерството за труд и социјална политика и државните службеници.

Преку проектот „Ресурсен центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање“, ЦУП ја спроведува програмата за јакнење капацитети на администрацијата на Ресурсниот центар кој функционира во рамки на Министерството за труд и социјална политика.

Во рамки на проектот во 2023 година, се спроведе дополнување, одржување и каталогизација на библиотеката на ресурсни документи за родова еднаквост и други родово релевантни прашања mtspresursencentar.mk.

Беа одржани повеќе обуки за јакнење на капацитетите на административните службеници на министерствата, но и на други институции на централно ниво во три стручни модули:

- Основна обука за род, родова еднаквост и родова перспектива во јавните политики,
- Родово одговорно буџетирање и негово спроведување во секторските политики,
- Родова анализа. Претставници на Секторот за еднакви можности во МТСП и вработени во повеќе институции на централната власт беа обучени и за обучувачи на тема родови прашања

# 8. СОЦИО-ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА МЛАДИТЕ ЖЕНИ ВО СЕВЕРО-ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Период на спроведување на проектот: 01.06.2023 - 31.12.2023

Проектот е финансиран од ЕУ.

Краен корисник на проектот се млади жени од североисточниот плански регион на Република Северна Макеоднија.

Проектот „Социо-економско јакнење на младите жени во северо-источниот плански регион“ има за цел да ја зајакне социо-економската состојба на младите жени од руралните средини преку развој на вештини за креирање на бизнис модели во областа на економија на грижа.

Оваа цел придонесе кон поттикнување на социјалното претприемништо и зголемување на самовработливоста на младите жени во руралните средини.

Проектот преку своите кативности ги оставруваше следните ерзултати:

- Подобрени вештини на млади жени од рурални средини за започнување на сопствен бизнис и вмрежување во областа на економија на грижа.
- Зголемена соработка на младите жени со локалните власти и нивно поголемо учество во креирање на локалните политики. 3. Зголемена транспарентност на активностите за поддршка на младите и развој на економија на грижа.

Во текот на проектот беа остварени 13 обуки за развој на социјални женски бизниси. Обуките беа спроведени во општините Ранковце, Крива Паланка и Кратово. Вкупниот број на жени кои учествуваа на обуките е 25, при што беа креирани и развиени 11 бизнис идеи во областа на економија на грижа. За најдобрите бизнис идеи во секоја од трите општини беа изработени бизнис планови или вкупно 3 бизнис планови.

Во почетната фаза на проектот беше спроведена анализа за проценка на можностите за развој на економија на грижа во Североисточниот плански регион на РСМ. Целта беше да се утврди постојната состојба во областа на економија на грижа во регионот врз основа на која ќе се развијат социјални услуги за да се надополнат воочените недостатоци. Дополнително, беа спроведени средби со претставници на локалната власт во општините Куманово, Ранковце, Крива Паланка, Кратово и Старо Нагоричане, на кои се дискутираше за политиките кои ги спроведуваат општините во насока на поддршка на женското претприемништво и мерките кои ги преземаат за да се зголеми учеството на младите и жените во креирањето на локаните политики. Врз основа

на направената анализа, остварените средби со претставници на локалната власт и средби со организации кои работат во областа на развој на женското претприемништво беа подготвени 3 предлог политики, и тоа:

- Препораки за развој на економија на грижа во рурални средини
- Препораки за развој на женски социјални бизниси во рурални средини
- Препораки за поголемо вклучување на младите жени во креирање на локалните политики

Дополнително, после завршување на програмата на обуки во секоја од општините Ранковце, Крива Паланка и Кратово беа остварени средби со претставници на локалната власт на кои им беа презентирани наодите од анализата и подготвените предлог политики. На средбите присуствуваа млади жени кои ги изнесоа своите интереси и ставови, при што се отвори дискусија за идните чекори кои општините може да ги преземат во насока на поголема поддршка на женското претприемништво, поголема вклученост на жените во креирање на локалните политики и поголема транспарентност за мерките кои жените можат да ги искористат.

Со цел да се зголеми свесноста за значењето на економијата на грижа и улогата на младите жени во креирањето на локалните политики, во рамки на проектот беа изработени 3 инфографици, 2 гостувања на ТВ медиуми, промоција на интервјуа со проектната координаторка на социјални медиуми и 3 видеа во кои се промовираат резултатите од проектот, односно на кој начин проектот влијаеше да го поттикне социоекономското зајакнување на младите жени од руралните средини во Североисточниот плански регион на РСМ.

Уште во тек на имплементирање на проектот беше регистриран женски бизнис во општина Крива Паланка - игротека за деца како резултат на остварените обуки за развој на женски бизниси и спроведената физибилити студија на бизнис идејата. Во следниот период, врз основа на изработените бизнис планови и спроведените обуки за развој на бизниси, се очекува да се регистрираат уште најмалку 4 бизниси предводени од млади жени.






# 9. ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Период на спроведување на проектот: 01.06.2021 - 31.03.2023

Проектот е финансиран од Владата на Обединетото Кралство, преку Британската амбасада Скопје

Краен корисник на проектот е Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)

Проектот „Борба против дискриминација преку поддршка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација“ е насочен кон градење на силна и професионална Комисија, која ќе биде поддржана од силна и професионална стручна служба.

Главна цел на проектот е воспоставување на функционален систем за заштита на основните права на граѓаните и спречување на дискриминација, преку ефективна работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД).

Предуслов за ефективно делување на КСЗД не е само Законот за спречување и заштита од дискриминација, туку и функционирање на службата што обезбедува основна поддршка за работата на членовите. ЦУП во рамки на овој проект се фокусираше токму на зајакнување на капацитетите на службите на КСЗД.

Во 2023 година ЦУП го заокружување спроведувањето на проектот и во овој период беа спроведени следните активности:

- Целосно завршена менторска програма за размена на знаење и искуство со Велика Британија и Северна Ирска која подразбираше и директна поддршка на членовите на комисијата како и на службата
- Организирање и одржување на Конференција на тема „Дали е Северна Македонија фер земја“ со голем број експерти од областа на дискриминацијата и еднаквоста.
- Работилница за подобрување на капацитетите на службата на КСЗД од областа на отворени податоци како и нивното користење во работата на институцијата, како предуслов за зајакнување на нејзините аналитички капацитети.
- Спроведување на анкета и изработка на извештај врз основа на спроведена анкета во врска со доживеаната дискриминација како и перцепцијата за дискриминација на граѓаните.
- Изработка и печатење на 6 публикации за подигнување на свеста и подобро информирање на граѓаните за темите на еднаквост, основи на дискриминација, можности за институционална заштита и права на граѓаните.

Принципот на еднаквост е клучен за едно демократско уредување (како што е Република Северна Македонија) и тоа во работењето на институциите, во нивниот однос кон граѓаните како и во односот меѓу приватните субјекти. Затоа, исклучително е важно да биде воспоставена ефективен контролен механизам кој ќе реагира во случај на повреда на принципот на еднаквост т.е. во случај на дискриминација. Со завршување на овој проект, ЦУП не престанува да работи активно во борбата против дискриминацијата и поддршка на принципот на еднаквост.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД 01.01.2023 - 31.12.2023

Здружение ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ (ЦУП) Скопје
Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 34а, Центар, Скопје
Единствен даночен број 4057009501580

| ПРИХОДИ | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од камата од орочен депозит | MKD | 69,310 |
| 2 | Приходи од позитивни курсни разлики | MKD | 580,546 |
| 3 | Приходи од проектни грантови | MKD | 32,588,381 |
| 4 | Приходи од сопствена дејност во странство | MKD | 196,784 |
| 5 | Пренесен приход од минатата година | MKD | 38,761,495 |
| Вкупно приходи | | MKD | 72,196,516 |

| РАСХОДИ | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за банкарска провизија | MKD | 121,474 |
| 2 | Трошоци од девизна банакрска провизија | MKD | 2,455 |
| 3 | Трошоци од негативни курсни разлики | MKD | 462,857 |
| 4 | Услуга од агенции за посредување | MKD | 61,150 |
| 5 | Сметководствени услуги | MKD | 234,000 |
| 6 | Трошоци за ЦРМ | MKD | 2,416 |
| 7 | Трошоци за комуналии (струја, вода и сл) | MKD | 93,409 |
| 8 | Трошоци за интернет услуги, пошта и телефон | MKD | 170,175 |
| 9 | Трошоци за компјутерски и информатички сервисни услуги | MKD | 62,000 |
| 10 | Трошоци за сервисни услуги | MKD | 15,540 |
| 11 | Трошоци за тековно одржување | MKD | 50,445 |
| 12 | Трошоци за претплата за весници и списанија | MKD | 7,000 |
| 13 | Трошоци за реклама | MKD | 295,200 |
| 14 | Трошоци за набавки за потребите на канцеларијата | MKD | 120,756 |
| 15 | Трошоци за отпис на ситен инвентар и резервни делови | MKD | 54,392 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 | Трошоци за изработка на печати | MKD | 1,101 |
| 17 | Трошоци за обнова на домен | MKD | 799 |
| 18 | Ревизорски услуги | MKD | 354,000 |
| 19 | Трошоци за принтање, фотокопирање, графичка дејност, укоричување | MKD | 1,180 |
| 20 | Трошоци за изработка, печатење и дизајн на материјали за потребите на проектите | MKD | 271,763 |
| 21 | Трошоци за услуги за препис и превод | MKD | 408,579 |
| 22 | Трошоци за бруто плати | MKD | 7,639,145 |
| 23 | Надоместоци за вработените | MKD | 758,501 |
| 24 | Трошоци за регрес | MKD | 238,926 |
| 25 | Трошоци за опрема, машини, компјутери и сл | MKD | 323,489 |
| 26 | Трошоци по договор за интелектуални и консултантски услуги | MKD | 6,888,378 |
| 27 | Трошоци по договор за повремено вршење на услуги и авторски договори | MKD | 439,663 |
| 28 | Трошоци за менторски услуги | MKD | 2,460,001 |
| 29 | Трошоци за услуги за лекторирање | MKD | 47,107 |
| 30 | Трошоци за стручно образование | MKD | 360,071 |
| 31 | Трошоци за истражување и анализа | MKD | 2,411,153 |
| 32 | Трошоци за адвокатски и правни услуги | MKD | 23,086 |
| 33 | Патни трошоци за реализација на проектни активности | MKD | 483,202 |
| 34 | Трошоци за наем,наем на сали и опрема за потребите на проектот | MKD | 1,538,797 |
| 35 | Трошоци за сертификати | MKD | 37,827 |
| 36 | Трошоци за техничка подршка | MKD | 5,189 |
| 37 | Трошоци за видео запис | MKD | 110,000 |
| 38 | Трошоци за угостителски и хотелски услуги за проектни активности | MKD | 1,904,610 |
| 39 | Трошоци за промотивни активности | MKD | 88,268 |
| 40 | Трошоци за осигурување | MKD | 1,056,294 |
| 41 | Трошоци за селидба | MKD | 23,588 |
| 42 | Останати трошоци | MKD | 123,000 |
| 43 | Останати расходи | MKD | 72,091 |
| 44 | Трошоци за хигиена | MKD | 27,259 |
| 45 | Трошоци за административни и други такси | MKD | 5,416 |
| 46 | Трошоци за пер.данок | MKD | 107,065 |
| 47 | Трошоци за ЦИП запис | MKD | 700 |
| 48 | Трошоци за ЗООМ,ГООГЛЕ и Face Book | MKD | 52,737 |
| 49 | Трошоци за задрж.данок на добивка | MKD | 1,840 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 50 | Трошоци за возило | MKD | 38,023 |
| Вкупно расходи | | MKD | 30,056,117 |
| Наменски средства од проекти за 2024 година | | MKD | 42,140,399 |

Овластен застапник на здружението

Неда Малеска Сачмароска

Извршна директорка

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОР

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
I-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

## Извештај на независниот ревизор

**До Раководството на Здружение за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Здружението за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ Скопје (во понатамошниот текст ЦУП), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2023 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резултат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.
Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка.При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЦУП со цел креирање на

2

Member of the FORUM OF FIRMS

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA

1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 060
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЦУП. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека финансиските извештаи на ЦУП, во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба на ЦУП на ден 31 декември 2023 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Скопје, 03 јуни 2024 година
Овластен ревизор,
Елена Адамова

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
**ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА**
ДОО Скопје

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител
Кирил Андоновски

3

FORUM OF FIRMS

| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ | | |
| --- | --- | --- |
| ДАТУМ | ОЗНАКА | БРОЈ |
| 03.06.2024 | Е.А | 05-4/21 |